Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-4**
**Датум: 26.01.2022 година**

Архивски знак:______
Рок на чување:______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Слатино |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на трансакциска-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Универзална инвестициона банка АД Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>**ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 18.01.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 26.01.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Наредба бр. 57-4 од 10.01.2022 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот ц аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 44-9216/63 од 23.09.2021 г. и 44-9216/82 од 06.12.2021 г. (дополна), поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

, помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **49.000 денари**, од одобрените 70.000 денари согласно со Договорот бр. 18-13628/1 од 15.12.2019 г., за учество во финансирање на проектот – **„Малку култура и за нас" избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година,** како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК,

како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-Корисникот доставил Пријава УП1 бр. 18-669 од 30.08.2019 г., за проектот –**„Малку култура и за нас"**, по Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година, а согласно со Решението УП1 бр. 18-669 од 27.11.2019 г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект за манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година.

Во Пријавата е наведено дека целта на проектот – **„Малку култура и за нас“**, се однесува на создавање на една уметничка сцена на места кои се далечни со градот односно со местото кој е извор на уметноста. Конкретниот проект ќе даде придонес на жителите на руралните места односно учениците на основните училишта да им се даде можност со светот на културата и уметноста. Учениците на основните училишта ќе имаат можност да се запознаат поблиску со гудачи инструменти и исто така да следат класичен концерт кој ќе изведува гудачкиот квартет кој е составен од две виолини, виола и виолончело.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 18-13628/1 од 15.12.2019 г., за учество во финансирање на проектот – **„Малку култура и за нас“**, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2019 година, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 70.000 денари.

-Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 18-208/1 од 09.01.2020 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот **„Малку култура и за нас“**, ќе се реализира во **Основните училишта Слатино, во Теарце, во Нераште и во Доброште на 19,20,23 и 24.12.2019 година**.
исто така, е наведено дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **авторски и други надоместоци и тоа: – организатор во износ од 30.000 денари, - координатор во износ од 20.000 денари и – координатор на квартетот во износ од 20.000 денари.**

- Со Решението за преведување на средства бр. 18-1396/65 од 30.01.2020 година, од МК преку Авторската агенција Веда ДООЕЛ на корисникот му е исплатен прв дел од средствата во износ од **49.000 денари**.

Трошење на програмските средства и преземените обврски за реализација на проектот, програма 70, се прикажани во следната табела:

| **Ред. Бр.** | **Намена** | **Доверител** | **Трошок** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | Хонорар за учество како координатор на | **20.000 денари** | -уплатница од УНИ Банка од 11.02.2020 на износ од 20.000 |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | проектот<br>Договор од 16.12.2019г., | | денари |
| 2. | | Хонорар за учество како координатор на проектот<br>Договор од 13.05.2019г., | **20.000 денари** | -уплатница од УНИ Банка од 11.02.2020 на износ од 20.000 денари |
| 3. | | Авторски хонорар-организатор | **3.632 денари** | - Извод од банка 05.02.2020г., во износ од 49.000 денари аванс за проект „Малку култура и за нас". |
| 4 | **Персонален данок** | Авторска агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје | **5.368 денари** | Персонален данок задржан од страна на авторска агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје |
| **Вкупно** | | | **49.000 денари** | **Обврска на МК во износ од 21.000 денари** |

-На ден 17.01.2022 година, остварен е телефонски контакт со корисникот од чија што страна е изјавено дека Проектот "Малку култура и за нас", е реализиран во основните училишта Екрем Чабеј во Слатино, Кирил Пејчиновиќ во Теарце, Аздрени во с.Глоѓи и Фаик Коница во Доброште во период од 19.12.2019 до 21.12.2019 година.

-На ден 20.01.2022 година, од страна на корисникот беше доставена дополнителна документација и тоа фотографии, плакат и видеа од проектот „Малку култура за нас" од основните училишта Екрем Чабеј во Слатино, Кирил Пејчиновиќ во Теарце, Аздрени во с.Глоѓи и Фаик Коница во Доброште во период од 19.12.2019 до 21.12.2019 година.

-Исто така, на ден 24.01.2022 година дополнително по маил се доставени изјави на албански јазик од страна на директорите на основните училишта, и тоа: Изјава од 19.12.2019 година од директорот на основното училиште Екрем Чабеј во с.Слатино, Изјава од 19.12.2019 година од директорот на основното училиште Аздрени во с.Глоѓи, и Изјава од 20.12.2019 година од директорот на основното училиште Фаик Коница во с. Доброште со потврда за реализација на Проектот "Малку култура и за нас" во периодот од 19.12.2019 до 21.12.2019 година, како и изводи од трансакциска сметка за прилив на средства во износ од 43.632 денари на ден 06.02.2020 година; уплата на средства во износ од 20.000 денари на ден 11.02.2020 година на лицето и уплата на средства во износ од 20.000 денари на ден 11.02.2020 година на лицето

-На ден 26.01.2022 година, дополнително по маил е доставена Изјава од 19.12.2019 година од директорот на основното училиште Кирил Пејчиновиќ во с. Теарце со потврда за реализација на Проектот "Малку култура и за нас" во периодот од 19.12.2019 до 21.12.2019 година, како и преведена изјава на македонски јазик од директорот на основното училиште Екрем Чабеј во с.Слатино, општина Теарце.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено и тоа со задоцнување на 30.03.2020 година доставен е Образец за наративен и финансиски Извештај заведен во писарницата на МК под бр. 18-3030/1 од истиот датум.

-Во прилог кон Образецот за наративен и финансиски Извештај се доставени 8 фотографии од основните училишта за реализација на Проектот „Малку култура и за нас", уплатница од УНИ Банка од 11.02.2020 г., за префрлени парични средства на кородринаторот на проект во износ од 20.000 денари и уплатница од УНИ Банка од 11.02.2020г., за префрлени парични средства на координаторот на кварте: во износ од 20.000 денари.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот „Малку култура и за нас" на корисникот од Теарце е реализиран во основните училишта од 19.12.2019 до 21.12.2019 година, а авансно преведените средства од Буџетот на РСМ преку Авторската агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје се потрошени наменски согласно со обврската од член 68 од Законот за културата и со преостанатата обврска на Министерството за култура согласно со Договорот бр. 18-13628/1 од 15.12.2019 г., за учество во финансирање на проектот избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за<br><br>помошник инспектор за култура | |
| Датум: | ___.01.2022 г. | Датум: | 26.01.2022 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk